Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневните настани 29.06.2023

На 28.06.2023 полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола го лишиле од слобода Н.И.(62) од Битола. Имено, по претходно издадена наредба од Основен суд Битола, полициските службеници извршиле претрес во дом и простории кои ги користи Н.И., при што биле пронајдени и одземени три ќеси со марихуана, дигитална вага, предмети со остатоци од марихуана и други предмети во врска со кривичното дело. Н.И. е приведен и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово вчера (28.06.2023) околу 17.00 часот го лишиле од слобода 57-годишниот тетовец Д.К.. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, му биле пронајдени и одземени: 67 куршуми калибар 7,62 милиметри за автоматска пушка, 10 куршуми калибар 16 милиметри за ловечка пушка и 6 други куршуми од различен калибар. Тој е задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот ќе му биде изготвен поднесок по член 396 од Кривичниот законик.

Вчера (28.06.2023) околу 18.20 часот на улица „101" во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 44-годишниот гостиварец М.Л. кај кого била пронајдена марихуана. Тој е задржан во Полициската станица Гостивар и по целосно расчистување на случајот против М.Л. ќе следува поднесок.

На 28.06.2023 во 15.10 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба лишиле од слобода малолетник од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Во текот на вчерашниот ден (28.06.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 254 возачи. Од нив, 17 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а четири возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 108 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 146 надвор од населено место.

На 28.06.2023 во 16.15 часот било пријавено дека на регионалниот пат Охрид-Струга се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген туран" со струшки регистарски ознаки, управувано од А.С.(33) од Струга и мотоцикл „хонда" со охридски регистарски ознаки, управувано од С.А.(58) од Охрид. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Охрид.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (28.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 128 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 33 санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, две санкции за управување возило под дејство на алкохол, осум мерки за прекршоци што ги чинат возачи на мотоцикли. Изречени се четири санкции за минување на затворен сигнал - црвено светло, четири санкции за користење мобилен телефон при управување возило, една мерка за некористење сигурносен појас...

На 28.06.2023 година во 21.05 часот во Полициската станица Гевгелија било пријавено дека на регионален пат Гевгелија - Богданци се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „пасат", управувано од Х.Н. (22) од Богданци и трактор „ИМТ", управуван од С.К. (27) од Богданци, двете со гевгелиски регистарски ознаки. Во несреќата возачот Х.Н. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицински центар Гевгелија. Увид на местото извршила екипа на Полициска станица Гевгелија.

На 28.06.2023 околу 16.00 часот, Т.К.(57) од Кичево во полициска станица пријави дека на ул.„11 Септември" во Кичево бил каснат од куче скитник. Истиот ден, Ѓ.Ф.(33) од Кичево пријави дека нејзиниот малолетен син, на ул.„Маршал Тито" во Кичево, бил каснат од куче скитник.

На 28.06.2023 во 09.40 часот било пријавено дека на автопатот Тетово-Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.И.(26) од с.Боговиње, патничко возило „фиат пунто", управувано од Н.Г.(41) од с.Градец и патничко возило „сеат леон", управувано од Ч.З.(28) од Гостивар, двете со гостиварски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатник од возилото „голф" Г.И.(50) од с.Боговиње, а други четири лица од возилата се здобиле со телесни повреди, констатирани во Општата болница Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 28.06.2023 во 12.00 часот во Полициската станица Чаир, А.М.(31) од Скопје пријавил дека на бул.„Босна и Херцеговина" бил каснат од куче скитник.

Денеска (29.06.2023) од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија со дрога при СВР Скопје во координација со Единицата за недозволена трговија со дрога при Одделот за криминалистичка полиција, по добиена судска наредба, извршен е претрес во дом кај С.Д.(38) од Скопје. При претресот се пронајдени и одземени марихуана, масло од хашиш и дигитална вага. С.Д., кој не бил дома во текот на претресот, е повикан да се јави на службен разговор во полициска станица и по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.06.2023 во 19.53 часот било пријавено дека на паркинг пред трговски центар на подрачјето на Карпош, по претходна расправија околу случена сообраќајна незгода во која патничко возило удрило во 16-годишен пешак, кој се здобил со телесни повреди, дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу М.Г.(28) и Б.Е.(27), од една страна, и Х.Ј.(21) и Р.И.(49), од друга страна сите од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.06.2023 во 22.50 часот М.А.(42) од Скопје пријавил дека во близина на влез за Градскиот парк во Скопје бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.06.2023 година од 19.00 до 24.00 часот, при спроведени засилени сообраќајни контроли во Охрид, полициските службеници затекнале и санкционирале 4 возачи кои надвор од населено место управувале моторни возила со брзина поголема од дозволената.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Виница поднесе кривична пријава против В.А. (23) од Кочани, поради постоење основано сомнение за сторени три кривични дела „измама" во врска со „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" и „злоупотреба на лични податоци". На 26.05.2023 пријавениот, со цел да прибави за себе противправна имотна корист, го довел во заблуда Д.Ј. од с.Блатец, виничко, и од него прибавил фотографии и лични документи, по што на 05.06.2023, злоупотребувајќи ги личните податоци на оштетениот, од различни финансиски друштва подигнал брзи кредити во вредност од 75.000 денари и ги ставил на банкарска сметка на име на Д.Ј., а потоа направил трансакција во правно лице.

На 28.06.2023 во 22.40 часот С.Н.(39) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Гази Баба неговиот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.06.2023 во СВР Битола по добиена пријава дека со чкртање е оштетена таблата со натпис поставена на влез на конзулат во Битола, од страна на полициски службеници од полициската станица при СВР Битола преземени се мерки и извршени се оперативни проверки, по што на службен разговор е повикан Љ.В.(68) од Битола. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.06.2023 во 15.20 часот било пријавено дека на подрачјето на Центар бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ј.Т.(57) од Куманово и Д.К.(37) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.06.2023 во 08.45 часот И.А.(50) од Струга пријавил дека околу 07.30 часот пред Казнено-поправната установа Идризово, по претходно недоразбирање со В.Љ., и двајцата осуденици, бил физички нападнат од неговиот син. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.06.2023 во 14.00 часот В.С.(47) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Драчево била физички нападната од Г.Ј.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против П.С. (31) од Струга, кој моментално се наоѓа на издржување казна затвор во КПД Идризово и М.Ф. (60) од Скопје, поради постоење основано сомнение за сторени две кривични дела, и тоа „измама" во врска со „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" и „злоупотреба на лични податоци". Во период од 2021 до јануари 2022 и на 04.02.2022 година, П.С. преку лажен профил на социјална мрежа успеал да обезбеди лични податоци на В.В. од Свети Николе, кои неовластено ги искористил и склучил договори со две финансиски друштва, по што добил средства со кои потоа купил три мобилни телефони. Притоа, М.Ф. откако остварил комуникација со П.С., му помогнал да ги изврши кривичните дела така што го подигнал еден мобилен телефон и го прикрил идентитетот на лицето на кое му го предал телефонот.

На 28.06.2023 во 18.00 часот И.И.(32) од Скопје пријавила дека во с.Зелениково, скопско, по претходна расправија, била физички нападната од 44-годишната Г.С. од истото село. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.06.2023 во 19.50 часот Т.А.(49) од с.Пакошево, скопско пријавил дека околу 18.30 часот на регионалниот пат од с.Морани кон с.Орешани, додека се движел со патничко возило, едно лице кое заедно со уште две лица биле во друго возило, му се заканило со пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.М.(36) од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „лажно пријавување на кривично дело". На 15.06.2023 пријавениот во Полициска станица Гостивар пријавил дека на улица во Гостивар наводно бил физички нападнат од едно лице кое му одзело пари, лични документи и клуч од неговото возило, по што на 17.06.2023 повторно дошол во ОВР Гостивар и самиот изјавил дека наводите во претходната пријава биле неточни, односно дека лажно пријавил кривично дело.

На 28.06.2023 во 10,00 часот во СВР Скопје е пријавно дека од банка во трговски центар на подрачјето на Центар, едно лице со закана кон вработените одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.06.2023 во 11.45 часот во СВР Скопје, Џ.Б.(46) пријавил дека околу 07.00 часот, на раскрсница од ул. „Никола Карев" со ул.„Македонско-косовска бригада" неколку лица од кои едното го познавал, со закана го однеле во куќа на подрачјето на Бит Пазар, по што физички го нападнале, а потоа го натерале на нотар да потпише договор за да препише негов стан на едно од лицата. Според пријавеното, причина биле нерасчистени должничко-доверителски односи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.06.2023 во 13.21 часот во СВР Скопје, 35-годишна жена од скопско пријавила дека нејзин роднина извршил обљуба врз нејзината малолетна ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против М.А., поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено продавање или купување готовински странски и платежни средства и чекови". На 06.06.2023 од полициски службеници од СВР Струмица, во соработка со инспектори од Државен девизен инспекторат и Државен пазарен инспекторат, при извршена контрола на подрачјето на град Струмица, пријавениот бил затекнат како врши размена на странски и домашни валути со друго лице, при што бил лишен од слобода. При извршен преглед кај него биле пронајдени пари во странски валути, по што изјавил дека работел на неовластено менување на странски валути во Струмица.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет